МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015

**ОПШТИНА КАРПОШ**
**СЕКТОР ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ**
**И КОМУНАЛНИ РАБОТИ**

Број: 11 - 7410/2
Датум: 16.11.2021
Скопје

ЗАПИСНИК ЗА КОНСТАТАЦИЈА

Комисијата за следење на состојбите на извршување на работите за поставување на подземни инсталации на Општина Карпош на ден 15.11.2021 година изврши увид на лице место на ул. „ Букурешка" бр.49 по барање на Инвеститорот за Дистрибуција на топлинска енергија "Балкан Енерџи" ДООЕЛ, Скопје, за изградба на приклучок на дистрибутивна мрежа од шахта Ш000.

На Изведувач му се дадени насоки за начинот на изведување на ископот согласно издаденото Решение за согласност за приклучување на системот за дистрибуција на топлинска енергија бр.03-2425 од 06.09.2021год., и истиот е по пат на сечење на асфалтната подлога на ул. „Букурешка" и дел е по тротоар од бекатонска подлога на ул."Букурешка" како и обезбедување на трасата за безбедност на минувачите со сите потребни означувања,и по завршување да изврши враќање во првобитна состојба според важечките нормативи и стандарди за изведување на ваков вид на градежни работи, односно ровот од асфалтната подлога да се тампонира во слоеви и завршно да се асфалтира со АБ 11 исто и тампонот од тротоарската подлога од бекатон да се набие во слоеви и завршно да се пререди бекатонот по целата широчина на тротоарот.

Трасата на ровот за подземниот вод е со вкупна должина од 50 метри, а кои припагаат на јавна површина при Општина Карпош.

На име на надоместок за изведување на подземни инсталации по јавни површини согласно Одлуката бр.07-6723/6 од 03.10.2014 година на Советот на Општина Карпош за утврдување на номинирана цена за градежно – земјани работи за изведба на прекопи за подземни инсталации, се задолжува Инвеститорот за трасата во должина од 50м1 да уплати износ од 7.380 денари со вклучено ДДВ.

По завршување на сите градежни работи и изведувањето на приклучокот Комисијата ќе изврши повторен увид со цел да утврди дали квалитетно се завршени работите и дали е подлогата вратена во првобитна состојба.

Комисија за следење на
Состојбите на извршување на работите
За поставување на подземни инсталации

Наташа Иванова
Љубомир Тодевски
Тома Мандилоски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА КАРПОШ СКОПЈЕ